јазици (англиски, германски, руски и француски)

На крајот да истакнеме дека оваа публикација, пишувана врз база на бројна архивска документација и литература, несомнено претставува нов и значаен прилог кон проучувањето на работничкото и синдикалното движење во Македонија, односно во Скопје. Се надеваме дека оваа монографија ќе повлијае на извесен начин да се пристапи кон проучување и публикување на слични трудови и за другите македонски градови во кои работничкото и синдикално движење, по својата активност и интензитет, не заостанувало многу зад Скопското.

**Л. Л.**

## Александар Т. ХРИСТОВ, СОЗДАВАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА (1893—1945 год.). Мисла, Скопје, 1971, 404

Монографијата „Создавање на македонската држава" претставува синтеза на бројни научни сознанија кои се плод на повеќегодишни истражувања на А. Христов на оваа проблематика.

Всушност, во монографијата е инкорпориран дел од докторската дисертација на авторот под наслов „Борбата на македонскиот народ за создавање на своја држава".

Мошне студиозниот пристап при разработката на споменатата тематика ја наметнува констатацијата дека презентираната монографија претставува база за натамошни иследувања во оваа област.

Во монографијата егзистираат бројни оригинални мисли и есенцијални заклучоци, кои ја зголемуваат нејзината вредност.

Авторот, меѓу другото, констатира: „Во борбата за свои национални права и за самостоен државно-правен развиток, македонскиот народ недвосмислено го изразуваше своето право на национална егзистенција. Во оваа борба се изразува и специфичниот премин на македонскиот народ во нација, чијашто индивидуалност беше оспорувана и забавувана, но чиј процес не можеше да биде запрен. Манифестацијата на тој силен и незадржлив процес се изразува особено во различните етапи од неговите борби, но тој секогаш јасно ја изразуваше националната самобитност на македонскиот народ.

Фактот што македонскиот народ сè до периодот на Народноослободителната војна не доби своја национална држава, не го намалува значењето на сето она што тој го твореше и создаваше во борбата за афирмација на својата национална култура и држава". (16)

Во 14 глави на оваа монографија, авторот од правно-историски аспект ја проследува генезата на македонската државност.

Според него, „постојат четири посебни етапи во кои се изразува идејата за самостоен државно-правен живот на Македонија.

Првата етапа го опфаќа временскиот период од основањето на национално ослободителното движење (1893 г.) до поделбата на Македонија помеѓу балканските држави (1913 г.). Втората етапа е сврзана со борбата на македонскиот народ

за создавање територијални интегритет на Македонија и склучувањето на Парискиот мировен договор (1913—1919 г.). Третата етапа е поврзувањето на народноослободителното движење на Македонија со работничкото движење во земјите меѓу кои таа беше разделена (1919—1941 г.). Последната, четврта, е сврзана со Народноослободителната борба и Социјалистичката револуција на Југословенските народи (1941—1944 г.).“ (14)

Задржувајќи се на првите две етапи, авторот заклучува:

„Во првата, како и во втората етапа, доминира идејата за самостојна македонска држава во балканската федерација. Оваа идеја ја подржува и усвојува, како основна цел, националноослободителното движење и неговата раководна сила ВМРО. Подоцна во изменетите услови, особено по Младотурската револуција, приврзаниците на првобитната ВМРО го истакнуваат барањето за создавање источна федерација во рамките на Отоманската империја со Македонија, како самоуправна единица“. (14)

Осврнувајќи се на последните две етапи, авторот констатира:

„Со порастот на работничката класа во Македонија и со се поголемата улога на КПЈ во општествено-политичкиот живот на Југославија, особено по 1937 г., концепцијата на балканската федерација со Македонија како одделна држава му отстапува место на создавањето на југословенска федерација во која Македонија ќе има полна гаранција за својата национална слобода и рамноправност. Тоа е третата етапа во развитокот на концепцијата за македонската државност.

Четвртата и последна етапа во развитокот на концепциите за државно-правната положба на Македонија е сврзана со Народноослободителната борба и Социјалистичката револуција. Во процесот на вооружената борба, македонскиот народ суверено решава за својата државно-правна положба во новата југословенска заедница.“ (14—15)

Во првата глава (стр. 18—57) што е посветена на националноослободителното движење и создавањето на ВМОРО (1893—1913 г.), авторот ги разгледува економските услови на Македонија во периодот на создавањето на македонското националноослободително движење, како и некои од особеностите на тоа движење. Освен тоа, се задржува на формирањето на револуционерни кружоци пред создавањето на ВМОРО, на создавањето на ВМОРО и нејзините почетни организациони форми, на политичките органи на ВМОРО (1893—1913 г.), како и на оружените формации на ВМОРО (1893—1913 г.).

Во следната глава (58—109), авторот ги анализира програмските декларации на ВМОРО за создавање на македонската држава (1893—1913 г.).

Притоа, се осврнува на политичко-правното значење на принципот Автономна Македонија, на карактерот на автономијата според сфаќањето на Внатрешната организација, на создавањето на револуционерната власт — како реална основа за изградување на Автономна Македонија, како и на борбата за запазување на територијалниот интегритет на Македонија. Потоа се задржува на Илинденското востание и создавањето на новата

власт „де факто“. Говорејќи за Крушевската република, авторот, меѓу другото, констатира: „Прогласувањето на Крушевската република означува од една страна, негација на стариот турски поредок, но, од друга страна, тоа е и негација на политиката на анектирање на Македонија кон Бугарија. Со прогласувањето на Крушевската република уште еднаш победи решеноста на револуционизираните маси докрај да истраат во борбата за остварување на својата национална слобода и за изградување на своја држава“. (84)

Натаму, авторот ги разгледува: изградувањето на македонската државност во одлуките на Рилскиот конгрес и др. конгреси на ВМОРО (1905), — и програмските барања на левицата на ВМОРО (Народна федеративна партија) за самостоен државноправен статус на Македонија во рамките на Турција (1908).

Во третата глава (110—131), авторот се задржува на државно-правниот статус на Македонија во програмите на одделни политички организации и групи (1893—1919 г.).

Притоа, авторот изнесува за појавата и програмата на македонските автономисти во Србија, за обидите за изнаоѓање заедничка политичка платформа меѓу македонските автономисти во Софија и Белград, за програмата на Македонската работничко-социјалистичка група за државно-правниот статус на Македонија, за Тајниот Македонски револуционерен комитет и неговите погледи врз државно-правниот статус на Македонија, како и за идејните погледи на Крсте Мисирков за изградувањето на самостојна македонска држава.

Следната глава (132—189), А. Христов ја посветил на изградувањето на револуционерни органи на власта и создавањето на Крушевската република. Овде се задржува на карактерот на револуционерните органи на власта на ВМРО, на преземањето на судските функции од страна на органите на ВМОРО, на создавањето на револуционерен нормативен поредок, на организацијата на власта на востаничката територија за време Илинденското востание, како и на првите декрети на револуционерните органи на власта по објавувањето на востанието.

Разгледувајќи го устројството на власта во Крушево и првите акти на времената влада на Крушевската република, авторот меѓу другото, истакнува дека „по десет дена младата Крушевска република претрпува пораз и со тоа се прекинува развитокот на македонската државност. Но, и покрај своето кратко постоење, фактот дека таа е создадена, претставува една од најзначајните појави во нашето националноослободително движење. Создадена во огинот на борбата против феудалниот систем на Отоманската држава, таа е истовремено и израз на спомнатите стремежи на нашиот народ за создавање на своја национална држава. Оттука, прогласувањето на Крушевската република претставува највисоко достигнување и еден од најважните државноправни акти на македонските востаници“. (158)

Натаму, авторот говори за организацијата на револуционерната власт во збеговите, за карактерот на интервенциите на ВМОРО пред Големите сили за време на востанието, како и за изградувањето на

органите на власта во одлуките на Рилскиот конгрес на ВМОРО (1905).

Во петтата глава (190—200), авторот ја разгледува положбата на Македонија врз основа на реформните акции и меѓународните договори (1903—19 г.).

Притоа, говори за положбата на Македонија врз основа на Мирцштегската реформна програма, за реформите во Македонија од 1907 г., за меѓународните правни акти за државно-правното уредување на Македонија од 1912 и 1913 г. како и за прашањето на Македонија во Версајскиот мировен договор.

Во следната глава (201—211), А. Христов го анализира државноправниот статус на Македонија по нејзината поделба (1913—1919 г.). Овде ја изнесува положбата на Македонија под српската окупација (1913—15 г.), како и преговорите помеѓу силите на Антантата и Бугарија за нова поделба на Македонија (1914—15 г.). Натаму, кратко се осврнува на режимот на трогодишната воена бугарска окупација на Македонија (1915—18 г.), како и на окупацијата на делови од Македонија од страна на силите на Антантата.

Седмата глава (212—239) е посветена на негирањето на Букурешкиот и Версајскиот мировен договор (1913—19 г.). Притоа авторот се задржува на програмските декларации на група македонски интелектуалци во Петроград за создавање на самостојна македонска држава, на противењето на левицата на ВМОРО на реваншистичката политика на Бугарија (1914—15 г.), на Комисијата на Советот на Друштвата за словенска заемност против поделбата на Македонија (1915), на дејноста на ВМРО во одбрана на суверените права на македонскиот народ (1918 и 1919 г.), на активноста на македонските студенти во Швајцарија — за признавање одделен државноправен статус на Македонија (1919 г.), на декларацијата на македонските автономисти во Србија до Југословенскиот одбор во Лондон (1918 г.), како и за барањето автономен статус на Македонија под протекторат на Југославија (1919 г.).

Осмата глава (240—277) е посветена на барањето нови облици за државно-правната положба на Македонија (1919—41 г.). Авторот говори за положбата на Македонија врз основа на Версајскиот мировен договор, за поврзувањето на борбата на македонскиот народ со напредното работничко движење, за ВМРО (Обединета) и нејзината политичка платформа (1924—34 г.), за ВМРО (Обединета) и создавањето на единствениот македонски револуционерен фронт, за осудата на мировните договори за делба на Македонија, за ВМРО (Обединета) против политиката на делба и денационализација, за демаршот против мешањето на бугарската влада во ослободителното движење на македонскиот народ (1924), како и за активноста на ВМРО (Обединета) во Пиринска Македонија (1925—34 г.).

Натаму се задржува на образувањето на одделна македонска парламентарна група во Бугарското Народно собрание, на дејноста на македонската емиграција во Америка и Канада за остварување правото на македонскиот народ на самоопределување, на ВМРО (Об.) и нејзините надворешно-политички односи, на создавањето на прогресивното македонско движење во Бугарија (1935—1941 г.), на значе-

њето на ВМРО (Обединета) за развитокот на македонската националноослободителна идеја (1925—34 г.), за создавањето на МАНАПО и неговата национална програма, како и на јасната платформа на КПЈ — за остварувањето принципот на самоопределување на македонскиот народ (1936—41 г.).

Во следната глава (278—292), Христов накратко се осврнува на бугарската фашистичка окупација на Македонија (1941—44 г.). Притоа, ги разгледува: Хитлеровиот напад на Југославија и новата поделба на Македонија; државно-правната положба на Македонија под бугарската фашистичка окупација; напорите на окупаторската власт за спроведување на денационализација на македонскиот народ; — и карактеристиките на бугарскиот окупационен систем во Македонија.

Десеттата глава (293—303) е посветена на вооружениот отпор против окупаторот и изградбата на нова државна заедница. Авторот говори за КПЈ како организатор на борбата против окупаторот, за организирањето на вооружената борба на Македонија, како и за определувањето на целите на Народноослободителната борба.

Во следната глава (304—341) се говори за изградувањето на Македонија како федерална држава. Притоа, Христов се задржува на создавањето на народноослободителните одбори, на Главниот штаб како највисоко политичко претставничко тело, на првите одлуки за свикување на АСНОМ, на Второто заседание на АВНОЈ и образувањето на АСНОМ, на улогата и значењето на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, како и на изборот и одењето на делегати за Првото заседание на АСНОМ.

Во дванаесеттата глава (342—376), авторот го анализира Првото заседание на АСНОМ и конституирањето на Македонија како федерална држава. Овде тој се задржува на извештајот и декларациите на Иницијативниот одбор, на санкционирањето на Македонија како федерална држава во југословенска федерација, на конституирањето на АСНОМ како врховно законодавно и извршно тело на македонскиот народ, на прокламацијата на АСНОМ за национално ослободување на Македонија, на гаранцијата во остварувањето на суверенитетот на федерална Македонија, на АСНОМ и претставувањето на единството на нацијата, како и на остварувањето на територијалниот интегритет на Македонија (1941—44 г.).

Притоа, Христов, меѓу другото, констатира: „Самиот факт што АСНОМ на своето прво заседание го санкционира изминатиот пат до неговото конституирање, потврдува дека почетните елементи на македонската државност се наоѓаат уште од почетокот на Народноослободителната борба. Во таа смисла, може да се рече дека одлуките на АСНОМ претставуваат и завршеток на една етапа од развитокот на македонската државност. Со создавањето на АСНОМ и неговото свикување, почнува и уставноправно да егзистира Македонија како федерална држава во составот на Демократска Федеративна Југославија.

Од сето тоа произлегува дека АСНОМ е врвно изразување на процесот на изградувањето на македонската држава што настанува како револуционерен акт на македон-

скиот народ. АСНОМ исто така засекогаш уставноправно го утврди братскиот сојуз на нациите во заедничката држава Југославија“ (365—6).

Следната глава (377—391) е посветена на остварувањето на правото на самоопределување на Македонците во Егејска Македонија (1941—45 г.). Притоа говори за статусот на Егејска Македонија по окупацијата на Грција, за формирањето на грчкиот националноослободителен фронт и грчката народноослободителна војска, за програмата на Грчкиот национален фронт (ЕАМ) по македонското национално прашање, за создавањето на Славено-македонскиот Народноослободителен фронт (СНОФ) и Славеномакедонската народноослободителна војска (СНОВ), за формирањето на политички комитет за национално ослободување на Грција и неговата Програма за националното прашање, за инсистирањето на признавање правото на самоопределување на македонскиот народ, како и за договорот во Казерта (26. IX. 1944) и Варкиза (12. II. 1945 г.) и капитуацијата на движењето на отпорот во Грција.

Во последната, четиринаесетта глава (392—398), Христов накратко се осврнува на некои од особеностите на Народноослободителната борба на Македонците во Пиринска Македонија.

Во оваа глава, авторот ја разгледува појавата на Народноослободителното движење во Пиринска Македонија, активноста на партизанските единици како и формирањето на Комитетот на Отечествениот фронт во Пиринска Македонија.

Монографијата „Создавање на македонската држава“ (1893—1945 г.), вака обликувана, се вбројува во редот на значајните остварувања на полето на македонската историографија.

**Д. Д.**

## ИЛЈАДА ГОДИНИ ОД ВОСТАНИЕТО НА КОМИТОПУЛИТЕ И СОЗДАВАЊЕТО НА САМОИЛОВАТА ДРЖАВА, ИНИ, Скопје 1971, 306

Книгата „Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самоиловата држава“, што неодамна во издание на Институтот за национална историја, а под редакција на акад. Михаило Апостолски, проф. д-р Стјепан Антољак и проф. д-р Бранко Панов излезе од печат, претставува всушност зборник на материјали од меѓународната научна средба посветена на 1 000—годишнината од востанието на комитопулите и создавањето на Самоиловата држава што од 10 до 15 октомври 1969 година се одржа во Отешево (Преспа).

Книгата, којашто всушност е поделена на три дела, започнува со уводниот збор на Редакцијата.

Во првиот дел на книгата, што носи наслов „ОТВОРАЊЕ НА СРЕДБАТА“ (9—18), се дадени поздравните говори одржани при отворањето на средбата.

Вториот дел, под наслов „РЕФЕРАТИ“, содржи во целост 14 реферати и 4 резимеа од реферати поднесени на средбата и тоа:

Стјепан Антољак (Задар), во својот реферат под наслов „Критички осврт на изворите за Самоиловата држава“ (21—59), критички се осврнува на си-